Телефонските броеви се точни во времето
на издавање на оваа информација,
но не се обновуваат ако дојде до промена.
Ке треба да ги проверите во
телефонскиот именик пред да се јавите.

NSW Multicultural Health Communication Service
website: www.http://mhcs.health.nsw.gov.au
e-mail: mhcs@doh.health.nsw.gov.au
phone: (02) 9382 8111

multicultural communication

December 21, 1995
Macedonian

# Како да се заштитиме од крлежи и пајаци

(Avoiding Ticks and Spider Bites)

NSW HEALTH

# Како да се заштитиме од крлежи и пајаци

Една прошетка низ шума или, дури, неколку часа градинарење, може да ве доведе во контакт со некои потенцијално смртоносни животинки. Еве како да ги избегнете - и да ги преживеете - опасните каснатини.

Ticks (Крлежи)

Ако уживате во прошетки или излети в шума, ако куќата ви е блиizu до пошумена област, или ако децата играат во висока трева, треба да внимавате на крлежите наречени "ticks". Тие се паразити што можат да се закачат во кожата на човекот и да испуштат отров што може да предизвика слабост во мускулите, заматен вид, поспаност, парализа, дури и смрт. Тие можат да бидат мали колку глава од игла и големи колку нокт.

Најдобар начин да се избегнат е да се носат долги панталони (најдобро пикнати во чорапите или чизмите), кошули со долги ракави и капа кога сте во шума. Откако ќе се вратите после прошетките во шумските делови, проверете го целото семејство, особено кожата на главата, во циците, под мишките и под колењата. Затоа што понекогаш крлежите се прикриени под отокот од самата каснатина, важно е внимателно да ги проверите сите џумки.

Најдобар начин да ги отстраните прикачените крлежи е со пинцета со тенок врв. Фатете го крлежот зад главата колку што е можно поблизу до кожата. Нежно повлечете го веднаш без да го намалите притисокот. Не го превртувајте и не го тргајте нагло крлежот. Не се обидувајте да го убиете со шпиритус, алкохол, лак за нокти, петролеј или нешто друго пред да го отстраните од кожата - тоа може да доведе крлежот да испушти повеќе отров. Откако ќе го отстраните, измијте ги рацете и дезинфицирајте ја пинцетата, како и местото на каснатината.

Funelweb Spider ("Фанелвеб" пајак)

Најотровниот пајак во светот живее во делови од Нов Јужен Велс, вклучувајќи ги и сиднејските населби, Блу Маунтенс и крајбрежните области на север до Њукасл, а на југ до Нара. Иако мал број од тие што се каснати се разболуваат или умираат, каснувањето може да биде смртоносно, особено за малите деца. Знаците кога некој е каснат од "фанелвеб" пајак се болка, потење, лошење, повраќање, тешко дишење и нагли, грчевити движења.

Овие пајаци е поверојатно да предизвикаат проблем во лето и рана есен кога бараат партнер за парење, или ако живеалиштето им е поплавено од дожд, или ако се вознемирени од градежни зафати, копање или пестициди. За да го избегнете каснувањето, не ги оставајте градинарските отпадоци и остатоци во градината каде што овие пајаци можат да се кријат; внимавајте кога ќе копате во градината или кога преместувате камења или смет; не оставајте облека и чевли на подот (кога е сезона на "фанелвеб" пајаци, секогаш проверете ги чевлите внатре пред да ги облечете) и запамтете дека можат да се прикрадат и во базените каде што можат да преживеат неколку дена.

Луѓето често забележуваат дупки во земјата во градината и се чудат дали се тоа дувла (живеалишта) на "фанелвеб" пајаци. Еве како најлесно да дознаете. Ако дупката е само обложена со "свила" со која што пајаците ги плетат своите мрежи, дупката му припаѓа на безопасен пајак, но ако конци од оваа "свила" излегуваат надвор од влезот на дупката и одат по земјата, тогаш тоа е дупка на "фанелвеб" пајак.

Ако некој е каснат од "фанелвеб" пајак, ставете цврсто стегнат широк завој врз каснатината, а потоа продолжете да го завиткувате завојот колку што може нагоре и надолу од каснатината. Ставете штичка или летва на раката или ногата каде што е каснатината, внимавајте лицето да мирува колку што е можно повеќе и веднаш одведете го во болнива. Понесете го и пајакот ако успеете да го фатите.

Redback Spiders (Пајаци со црвена точка на грбот)

Овој мал (не поголем од 1 сантиметар) пајак има црвена или портокалова точка на грбот. Го има насекаде низ Австралија, често во и околу куќите каде што сака суви, темни места, како под штиците на подот или гредите на таванот. Во пошумените делови го има под трупци и кора на дрво или во густо испреплетени лисја. Ако некој го касне пајак, ставете мраз студена вода за да се ублажи болката и одите на лекар.

Скорпии и стоногалки

Во Австралии овие животни не се отровни. Меѓутоа може да предизвикаат болка при каснувањето - ублажете ја со студени компресии (облоги).